РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА
ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Број 12
Датум 19.06.2006
СКОПЈЕ

Врз основа на член 26 и член 42 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија", број 64/2000 и 49/2003), Одборот за акредитација на 48-та седница, одржана на 19.06.2006 година донесе

**РЕШЕНИЕ**

**со кое се акредитира проектот за основање на приватна високообразовна установа Факултет за туризам во Скопје од 19.06.2006 година**

1. Се прифаќа Проектот за основање приватна високообразовна установа Факултет за туризам во Скопје, врз основа на исполнетоста на условите согласно Законот за високото образование и Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност;

2. Седиштетот на Факултетот е во Скопје во зградата на сојузот на здруженија за техничка култура на град Скопје, Народна техника, Бул. Партизански одреди бр. 99.

3. Основач на факултетот е Фондација "Колумбо" од Скопје;

4. Се акредитира студиската програма за додипломски студии во тригодишно траење по туризам ;

5. По завршените тригодишни студии кандидатот се стекнува со диплома туризмолог специјалист.

6. Основачот е должен во целост да го реализира Проектот од точка 1 на ова решение по однос на исполнетоста на условите за вршење на високообразовна дејност во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи за вршење на високообразовна дејност ("Службен весник на Република Македонија" број 33/03).

7. Основачот може да врши запишување на студенти, откако во целост ќе ја спроведе постапката за основање на Факултетот во согласност со Законот за високото образование, односно откако ќе добие Решение за почеток со работа од Министерството за образование и наука, ќе изврши запишување во Регистарот на високообразовни установи на Република Македонија, како и во судскиот регистар кај надлежниот суд, по што Факултетот се стекнува со статус на правно лице и право да врши високообразовна дејност.

8. Според условите дадени во Проектот, на Факултетот може да се запишат најмногу 100 редовни студенти на прва година.

9. Со денот на влегувањето во сила на ова решение основачот има право да ги превзема сите активности за спроведување на Проектот за основање на Факултетот и да ја информира јавноста за содржината на ова Решение како и за активностите што ги превзема за основање на Факултетот.
Основачот нема право ова Решение да го користи за информирање на јавноста дека е завршена постапката за основање на Факултетот и дека се исполнети условите за вршење на високообразовна дејност на Факултетот, ниту на било кој начин да ја доведува во заблуда јавноста дека може да започне со упис на студенти.

10. Акредитацијата од точка 1 на ова решение му дава право на основачот да продолжи со подготвителните работи за основање и конституирање на Факултетот со право наставата да ја започне од учебната 2006/2007 година или подоцна.

11. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по исполнување на забелешките дадени на 47. и 48. седница на Одборот за каредитација.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

По поднесеното барање од страна на основачот Фондација "Колумбо" за прифаќање и акредитација на проектот за основање приватна високообразовна установа Факултет за туризам - Скопје, Одборот за акредитација на високото образование на својата 44-а седница одржана на 5.06.2006 година формира експертска комисија, која од извршениот увид во проектот, непосредниот увид на просторот во Скопје и документацијата приложена кон проектот подготви извештај и го достави до членовите на Одборот за акредитација.

Одборот за акредитација на високото образование на своите 47-а седница одржана на 5.06.2006 година, и 48-та седница одржана на 19.06.2006 година расправаше по барањето на основачот "Фондација Колумбо" од Скопје и по разгледување на доставениот елаборат, приложената документација и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОДБОРОТ ЗА АРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ,**

**Проф.д-р Тито Беличанец**